ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08-6025/4
15-05-2026 20
СКОПЈЕ - SHKUP

**ГРАД СКОПЈЕ**
**СЕКТОР ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**
**СКОПЈЕ**

# ПРИЛОГ КОН ПРИЈАВАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ФЕСТИВАЛИ, НАСТАНИ И МАНИФЕСТАЦИИ ОД ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВО

## СОДРЖИНИ И КРИТЕРИУМИ ШТО ТРЕБА ДА БИДАТ ИСПОЛНЕТИ ОД СТРАНА НА РЕАЛИЗАТОРОТ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА: "Стрит фуд фестивал (Street food Festival)"

### 1. СОДРЖИНИ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА:

-Манифестацијата се очекува да биде дестинација за промоција на гастрономската понуда, пропратена со богата музичка содржина и настап на изведувачи и вокални бендови, како и место за дегустација на висококвалитетни оброци комбинирани од модерна и традиционална кујна, локална и меѓународна кујна, во која се очекува на атрактивен и забавен начин, да учествуваат мали и стартап компаниии и здруженија чија основна дејност е подготовка и продажба на брза улична храна и пијалоци. Манифестацијата се очекува да се одржи во Градскиот Парк во Скопје, на специјализирани штандови за брза храна.
-Да понуди листа за соработка и покани за учество на компании и здруженија за подготовка на храна;
- Да покани да бидат дел од оваа манифестација и да земат учество реномирани домашни бендови;
- Да понуди краток –нацрт проект за одвивање на манифестацијата на улична храна;
-Да обезбеди репрезентативни штандови/куќички за презентација и подготовка на храната;
-Церемонијата на отворањето на манифестацијата од страна на Градоначалникот на Град Скопје;
-Расчистување на локацијата и враќање во состојбата како пред нејзината употреба.

### 2. УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА:

- Искуство во организација и координација на манифестации и фестивали од отворен карактер, најмалку три години;
- Времето на одржувањето – Во консултација со Град Скопје;
- Локација: плочник кај фонтана Лотосов Цвет - Градски Парк или друга атрактивна локација во консултација со Град Скопје;
- Инфраструктура: (во договор со Град Скопје):
    - оградување на просторот во кој ќе се одвива манифестацијата,

- обезбедување на локацијата каде ќе се одржува манифестацијата со електрична инсталација,
- соодветно озвучување и осветлување според локацијата и објектите,
- обезбедување на вода за потребите на манифестацијата,
- обезбедување на подвижни санитарни чворови за одржување на хигиената на манифестацијата (договор со соодветна фирма),
- обезбедување и одржување на хигиена во соработка со ЈП Комунална хигиена на Град Скопје,
- соодветен број на мобилни тоалети според бројот на очекуваните гости,
- репрезентативно-продажни мини комбиња или специјализирани штандови за брза храна, пултови, маси и клупи за посетителите
- учество на мали и стартап компании кои нудат висококвалитетни оброци и здрава храна комбинирани од модерна и традиционална кујна, локална и меѓународна, на атрактивен и забавен начин која може да се консумира како улична (брза) храна;
- обезбедување на соодветна анимација на манифестацијата со предлог-програмата на манифестацијата: краток нацрт скица за локација на манифестацијата со предлог идеи за учесници,
- обезбедување на соодветна опрема за логистика на манифестацијата,бина озвучување,
- На сите промотивни печатени и видео материјали да се постави логото на Град Скопје,
- останати инфраструктурни елементи кои ќе бидат предложени од страна на реализаторот и излагачите.
- Обезбедување (во договор со Град Скопје и МВР);
- Изработка на репрезентативен и промотивен материјал плакат, флаер, брошура, плакета-благодарница);
- Медиумска покриеност на манифестацијата, како од електронските, така и од пишаните медиуми (една недела пред настанот, да се направи маркетинг промоција во неколку ТВ куќи и радио станици) и обезбедување на соодветно претставување на манифестацијата по социјални медиуми ;
- Водење на посебна евиденција на документи за приходите и трошоците околу организацијата на манифестацијата која по завршувањето на манифестацијата ќе биде предадена на Градот.

### 3. КРИТЕРИУМ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ПО ЈАВЕН ПОВИК

За носител на Договорот по Јавен повик ќе биде избрана онаа пријава која што ќе биде оценета како најповолна од збирот на бодовите за секој елемент посебно .

| Критериуми | Максимум бодови |
|---|---|
| **1. Организациска структура и ресурси** | **30** |
| 1.1 Апликантот има потребна организациска структура и човечки ресурси за реализација на манифестацијата (вработени, активни волонтери, хонорарно ангажирани лица, итн) | 10 |
| 1.2 Апликантот располага со логистика (канцелариски простор и техничка опрема за реализација на манифестацијата) | 10 |
| 1.3 Видливост на апликантот online | 10 |

| | |
|---|---|
| **2. Финансирање на предлог проектот за реализација на манифестацијата** | **30** |
| 2.1 Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на манифестацијата | 10 |
| 2.2 Апликантот обезбедува процент на сопствено учество во остварување на проектот | 10 |
| 2.3 Реален финансиски план (описот на трошоци по категории позиции соодветствува со пазарните цени) | 10 |
| **3. Квалитет на предлог проектот за реализација на манифестацијата** | **40** |
| 3.1 Јасна и соодветно определена општа цел на предлог проектот која ќе придонесе кон реализација на дадените приоритети од Програмата на активности од областа на локалниот економски развој на Град Скопје | 10 |
| 3.2 Понудени квалитетни и иновативни решенија во предлог проектот | 10 |
| 3.3 Обезбедена вклученост на други институции и организации | 10 |
| 3.4 Предлог проектот за спроведување на манифестацијата е јасен и остварлив | 10 |

Секоја област од посебните критериуми ќе се вреднува со 1 бод, 5 бода или 10 бодови, со следното значење: 1-не, 5-делумно и 10-да.

*Напомена:
-Да се доставаат биографии на организаторите на манифестацијата;
-Да се достави потпишана согласност за пријава на интерес за учество на манифестацијата, за секој учесник посебно;
-Да се наведе искуството на апликантот за организирање на манифестации (при оценување во предвид ќе се земе организација на манифестации од сличен тип во поглед на масовност на фестивали, времетраење и сл.);
-Во доставениот предлог проект да се достави забавна програма (музички имиња и сл);
-Во поднесената предлог проект да се достави список на учесници на манифестацијата.

Градоначалник на Град Скопје
Орце Ѓорѓиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT-SHKUP